


## Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски со порака до Македонците: Да останеме мирни и достоинствени, грчевито и храбро да се бориме за нашата иднина – продолжуваме побројни и помасовни.

**Браќа и сестри, вечерва некои сакаа да го убијат Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, или да убијат луѓе кои мирно протестираат против францускиот предлог за разнебитување на Државата.**

**Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ со гнасење го осудуваме овој срамен чин и ВЕ повикуваме утре четврток во 19.00 пред влада, уште помасовно и да кажеме: ниту се плашиме ниту се откажуваме од нашата намера за спас на Македонија.**

**Во 19.00 часот да излеземе пред платото на владата и да кажеме едно големо НЕ за овој катастрофален и антимакедонски договор со Бугарија.**

**Ние основачите, ветераните на ВМРО-ДПМНЕ, на кои Македонија Ни е над се' и кои ја продолжуваме идеологијата на четирите букви, даваме силна подршка на Претседателот Христијан Мицкоски.**

**Ние, Ветераните на ВМРО-ДПМНЕ, ќе дадеме сé од себе да ја победиме оваа антимакедонска хунта.**

**НИТУ МОЖЕ НЕКОЈ ДА НЕ ЗАПЛАШИ, НИТУ ЌЕ СЕ ПОВЛЕЧЕМЕ ОД ОВАА БИТКА ЗА СПАС НА МАКЕДОНИЈА.**

**Во овие тешки времиња до последен атом од нашата енергија, ќе дадеме се од себе да ја одбраниме државава од овие БЕЗВЕРНИЦИ.**

**ДОЈДЕТЕ БРАЌА И СЕСТРИ УТРЕ ВО 19.00 ПРЕД ВЛАДА ПОД БАЈРАКОТ НА МАКЕДОНИЈА , ДОЈДЕТЕ ДА СЕ ОБЕДИНИМЕ , БИДЕЈЌИ КОГА СМЕ ОБЕДИНЕТИ НИКОЈ НИКОГАШ НА НИКАКОВ НАЧИН НЕ МОЖЕ ДА НЕ ПОБЕДИ И ДА И НАШТЕТИ НА НАШАТА МИЛА МАЈКА МАКЕДОНИЈА.**

**Браќа и сестри, Господ е со нас.**




**Унија на Ветерани на ВМРО-ДПМНЕ**